# FROM CONTEMPORARY MANAGEMENT TO CONTEMPORARY EDUCATION

**Hilda Panov**
ES “Malina Pop Ivanova”, Kocani, Republic of N. Macedonia, hildadimitrova@yahoo.com

**Abstract:** The last decade of the twentieth century is filled with numerous events which will mark the economic and social relations in our country for a long time. In terms with the whole changes that rose after the constitution of The Republic of Notrh Macedonia as an independent country, special emphasis is put on the model of the economic systemand the introduction of a new in accordance with the principles of the free market and the market economy.This change dictates adequate changes in the economic relations in the field of educational and the science-reseach system. In the field of education and upbringing management should be implemented as a contemporary process which includes the following activities: planning, organizing, coordinating, motivating and controling, without which modern educational process cannot be concieved.Therefore, the new techno-economic paradygma represents a nucleous of mutually connected technologically, organizational and managirial inovations whose advantage is in the new range of products and production systems and services without which a modern economic structure of the society cannot be imagined.Management in this respect shoulb be recognised and characterised with: managers’ knowledge, their skills and ability to run and to deal in conditions of market economy.The development of management as a separate field can be divided in various periods: Pre-scientific management, scientific management, human resources, refining , spreading and synthesis. Each of these periods is characterized with specific principles,functions,authors, researches and management schools.Management as a process, applicable in each environment (economic, non economic, governmental etc)including the basic functions or primary activities executed by the managers, enables each activity to be planned, to be orgnaised its implementation, to coordinate the implementation, to motivate,and run and to take corrective measurements should there be opposing in the implementation of the activities.
**Keywords:** planning, organizing, coordinating, motivating,upbringing,educational system,skils

# СО СОВРЕМЕНО МЕНАЏИРАЊЕ ДО СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Хилда Панов**
ОУ,,Малина Попиванова ’’-Кочани, Република Северна Македонија, hildadimitrova@yahoo.com

**Абстракт:** Последната деценија од дваесеттиот век е исполнета со низа настани кои долго ќе им даваат белег на економските и вкупните општествени односи во нашата земја. Во рамките на вкупните промени што настанаа по конституирањето на Република Северна Македонија како самостојна и суверена држава, од особено значење е промената на моделот на економскиот систем и воведувањето на нов, според принципите на слободниот пазар и пазарната економија. Таа промена нужно налага адекватни промени и во економските односи во сферата на воспитно-образовниот, научно-истражувачкиот и едукативниот систем во земјата. Во областа на воспитанието и образованието треба да се воведе менаџментот како современ процес кој ги опфаќа следниве активности: планирање, организирање, координирање, мотивирање и контролирање, без кои не може да се замисли современиот воспитно-образовен и едукативен систем. Поради тоа "новата техно-економска парадигма претставува збир на меѓусебно поврзани технички, организациони и менаџерски иновации чија предност е во новиот асортиман на производи и производни системи и услуги без кои не може да се замисли современата економска структура на општеството. Менаџментот во оваа сфера треба да се препознава и да се карактеризира со: знаењето на менаџерите, нивната вештина и способност за управување и раководење во услови на пазарна економија. Развитокот на менаџментот како посебна дисциплина може да се подели на повеќе периоди и тоа: преднаучен менаџмент, научен менаџмент, човечки односи , рафинирање, ширење и синтезаза сите овие периоди карактеристични се посебни принципи, функции, автори, истражувања и школи на менаџмент.
Менаџментот сфатен како процес, применлив во сите средини (стопански, нестопански, владини и други ) опфаќајќи ги основните функции или примарни активности кои ги извршуваат менаџерите, овозможува секоја активност да се испланира, да се организира нејзиното извршување, да се искоординира извршувањето, да се мотивираат, односно водат извршителите и да се преземат корективни мерки доколку дојде до евентуално отстапување во извршувањето на активностите.
**Клучни зборови:** планирање, организирање, координирање, мотивирање, воспитување, образовен систем, вештини

## 1.ВОВЕД

Последната деценија од дваесеттиот век е исполнета со низа настани кои долго ќе им даваат белег на економските и вкупните општествени односи во нашата земја. Во рамките на вкупните промени што настанаа по конституирањето на Република Северна Македонија како самостојна и суверена држава, од особено значење е промената на моделот на економскиот систем и воведувањето на нов, според принципите на слободниот пазар и пазарната економија. Таа промена нужно налага адекватни промени и во економските односи во сферата на воспитно-образовниот, научно-истражувачкиот и едукативниот систем во земјата. Новите односи создаваат конкуренција и во овој сектор, се отвора пазарот на работна сила што ќе наметнува постојано подигање на степенот на знаења како и негово осовременување и прилагодување кон понудата и побарувачката на работна сила.Овој премин нужно бара осовременување на образовната технологија, модернизација и опремување на воспитно-образовните, научно-истражувачките и едукативните институции според меѓународно прифатените стандарди и правила на верификација на стекантите знаења.

## 2. ПОТРЕБАТА ОД ВОВЕДУВАЊЕ НА СОВРЕМЕНИОТ МЕНАЏМЕНТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Прилагодување кон пазарните услови на работење, а тоа, покрај останатото, бара воведување и на квалитетен менаџмент како услов за успешно остварување на поставените цели кај овие институции. Тоа значи дека и во областа на воспитно-образовниот, научно-истражувачкиот и едукативниот сектор треба да се воведе современ менаџмент, како современ процес за работа во современите услови и како императив на новото време.Менаџментот како процес, кој во основа се потпира врз професионалното и високостручното раководење и управување со процесите, треба да стане составен дел на новата организација и пазарната ориентација на институциите од оваа област, што единствено може да ги води кон успешно остварување на поставените цели и кон извршување на својата основна дејност врз современи основи.Овој процес на воведување на современиот менаџмент во областа на воспитанието, образованието, научно-истражувачката и едукативната дејност не е ниту едноставен ниту лесен, со оглед на немањето на традиција, кадри, соодветна нормативно-правна регулатива и сл. Оттука, е потребата од паралелно водење на активностите за воведување на менаџментот во овие дејности, при што е потребно да се отпочне со изградување и оспособување на менаџерски кадри кои ќе го понесат ризикот за успешно работење на воспитно-образовните, научно-истражувачките и едукативните институции во нашата земја во новиот пазарен амбиент. Можност за опстанок и економска ефикасност имаат само оние институции кои своето работење, управување и раководење ќе го препуштат на менаџерските тимови кои, пак, своето врз принципите на современиот менаџмент.

Во рамките на отворањето на овој процес на воведување на менаџмент функциите и во овие области, не помалку значајно го сметаме и прашањето за создавање на соодветна литература од оваа област, што ќе ги охрабри, но и ќе определат им помогне во работење ќе го темелат едукацијата на оние кадри што ќе се за оваа ризична и високостручна работа.

## 3.ДЕФИНИРАЊЕ НА МЕНАЏМЕНТОТ

### 3.1.Развој на менаџментот

Развитокот на менаџментот како посебна дисциплина може да се подели на 4 периоди и тоа:

1. преднаучен менаџмент (пред година)
2. научен менаџмент (1880-1930 година)1880
3. човечки односи (1930-1950 година)
4. рафинирање, ширење и синтеза (од 1950 до сега)

- менаџментот е процес, серија на чекори или насочувања на акциите во правец кон остварување на дефинираната цел. Па така, менаџментот е збир на акции водени кон некоја општа цел
- менаџментот има организациона улога, ги поставува обврските, одговорностите и односите во претпријатието. Менаџментот се дефинира како општествен процес на пренесување на одговорноста за корисно планирање и регулирање на операциите во едно претпријатие, на остварување на формулираните цели, како и одговорноста.
- менаџментот е посебен процес на планирање, организирање, поттикнување и контролирање на остварувањето на поставените цели, со помош на човекот и другите ресурси. На ваков начин дефиниран, менаџметот укажува на неговите три основни дела: ресурси, функции и цели.
- менаџментот претставува практична примена на искуствата и знаењата што ги имаат менаџерите. Менаџерот е личност што се обидува да ги оствари поставените цели со насочување на човечките

активности во производството на производи и услуги. Менаџерот ги користи средствата на најефикасен начин. Начинот на извршување на функциите што ја прават неговата работа е опишан како менаџмент.

Од досега изнесените ставови може да се заклучи дека постојат различни начини за дефинирање на менаџментот. Сепак, може да се синтетизира една дефиниција според која "менаџментот е универзален процес на ефективно извршување на работата со помош на други луѓе и ангажирање на ресурсите во остварувањето на однапред дефинираните цели на претпријатието. (Проф. д-р Трајан Гоцевски, *Образовен менаџмент,* Универзитет "Св. Кирил и Методиј, Скопје, 1998, стр.190) Во оваа дефиниција јасно се издиференцирани четири елементи што го карактеризираат менаџментот, а тие се: тој е процес кој во себе ги апсолвира: планирањето, организирањето, координирањето, мотивирањето и контролата; алокацијата и употребата на ресурсите во кои спаѓаат: суровините, машините, пазарите и парите; ефективно и ефикасно извршување на работата од други луѓе; и остварување на однапред поставените цели.

## 4. УЛОГАТА НА МЕНАЏМЕНТОТ

Менаџментот сфатен како процес, применлив во сите средини (стопански, нестопански, владини и други ) опфаќајќи ги основните функции или примарни активности кои ги извршуваат менаџерите, овозможува секоја активност да се испланира, да се организира нејзиното извршување, да се искоординира извршувањето, да се мотивираат, односно водат извршителите и да се преземат корективни мерки доколку дојде до евентуално отстапување во извршувањето на активностите.

**Планирањето** како една од активностите, односно функциите на менаџментот, по пра вило се димензионира, односно се ограничува како стратешко планирање за период, не подолг од пет години, тактичко за период од една до три години и оперативно до една година. Сепак временската димензија на планирањето зависи од активностите што треба да се преземат, да се подготви организацијата за остварување на процесот со кој ќе се постигнат саканите резултати.

***Стратегиското планирање*** ги опфаќа основните одлуки за разместување и ангажирање на ресурсите, утврдување на приоритетите и преземање на неопходните акции за остварување на стратегиските цели. Стратегиското планирање, по правило, е ориентирано кон надвор и ги покрива тековните функционални подрачја.

***Оперативното планирање*** го опфаќа најниското ниво на планирање и тоа ги има во себе временски определените операции за извршување на задачите за период не подолг од една година.

**Организирањето** значи менаџментот да изгради организациона структура со која треба да се реализираат плановите на секое ниво, а тоа подразбира: определување на работата, групирање на работата, утврдување на сродноста и односите меѓу одделните работи, определување на главните носители на работите, координирање на активностите меѓу работите и определување на разликите меѓу работите.

## 6. ФУНКЦИИ НА СОВРЕМЕНИОТ МЕНАЏМЕНТ

Потребата од определувањето на функциите на менаџметот има практична природа бидејќи менаџерот, извршувајќи разни работни задачи и активности, всушност врши определена функција на менаџментот која, пак, претпоставува разни настани кои го движат субјектот кон остварување на неговите однапред поставени цели. Со оглед на тоа што извршувањето на функциите на менаџментот имаат подеднакво значење за сите економски и други субјекти во кои се практикува менаџментот, функциите на менаџментот имаат универзален карактер и примена.

Со оглед на универзалноста на функциите, на нивната многубројност, и на опфатот на секторите каде што се практикува менаџментот, до денес се уште не постои прецизно утврден број на функции на менаџментот. Во зависност од времето кога тие се определувани, како и од авторите кои тоа го правеле, на менаџментот му се определувале разни функции, помеѓу кои како секогаш прифатени и неспорни биле: планирањето, организирањето и контролирањето. Тие биле посочувани и како минимум функции без кои менаџментот не би можел да се замисли.

Во минатото, разни автори правеле листи на функции на менаџментот кои или се поклопувале или се доста слични. Без претензии за целосна анализа на овој проблем, што и не е цел на овој труд, ќе се обидеме да дадеме само некои комбинации на функции на менаџментот, (Проф. д-р Бобек Шуклев, *Менаџмент,* Економски факултет, Скопје, 1993, стр.10)дадени од разни автори :

а) планирање, организирање, кадри, насочување, контрола

б) планирање, организирање, раководење, контролирање

в) планирање, организирање, кадри, насочување, контрола

г) планирање, контрола, кадри, организација, насочување, претставување

д) планирање, организирање, кадри, влијание, контролирање

ѓ) планирање, организирање, кадри, насочување, претставување, контролирање, иновирање

е) планирање, организирање, кадри, насочување и раководење контролирање, одлучување

ж) планирање, креирање, организирање, мотивирање, комуницирање, контролирање

з) планирање, одлучување, организирање, кадри, контролирање, комуницирање, насочување.

**7. МЕНАЏМЕНТОТ КАКО СОВРЕМЕН ПРОЦЕС**

Менаџментот како современ процес кој, во основа, се потпира врз професионалното и високостручното раководење и управување во воспитно-образовните институции треба да стане составен дел на нивната организација и пазарна ориентација, како услов за успешно извршување на однапред поставените цели. Притоа, менаџментот во оваа сфера треба да се препознава и да се карактеризира со: знаењето на менаџерите, нивната вештина и способност за управување и раководење во услови на пазарна економија. Тоа ниту оддалеку не е едноставен процес. Затоа се наметнува и потребата од образување, изградување и оспособување на соодветни менаџерски кадри кои ќе го понесат ризикот за успешното работење на институциите од областа на научно-истражувачката работа, воспитанието, образованието, перманентното образование, доквалификациите, едукацијата и сл.

Денес со право се смета дека предност за опстанок и економска ефикасност имаат само оние претпријатија и институции кои своето работење, управување и раководење го темелат врз современиот менаџмент кој, пак, од своја страна, преферира образование, знаење, наука, информации, искуства, деловен ризик и сл. Оттука и познатиот експерт за современ менаџмент, Питер Кракер, ќе напомене дека "менаџментот претставува главен ресурс на развиените земји и најпотребен ресурс на земјите во развој.( jser.fzf.ukim.edu.mk/index.php?option...)

**8.ЗАКЛУЧОК**

Се вели дека "новата техно-економска парадигма претставува збир на меѓусебно поврзани технички, организациони и менаџерски иновации чија предност е во новиот асортиман на производи и производни системи и услуги без кои не може да се замисли современата економска структура на општеството.Менаџментот како современ процес кој, во основа, се потпира врз професионалното и високостручното раководење и управување во воспитно-образовните институции треба да стане составен дел на нивната организација и пазарна ориентација, како услов за успешно извршување на однапред поставените цели. Затоа се наметнува и потребата од образување, изградување и оспособување на соодветни менаџерски кадри кои ќе го понесат ризикот за успешното работење на институциите од областа на научно-истражувачката работа, воспитанието, образованието, перманентното образование, доквалификациите, едукацијата и сл.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Гоцевски, Т. (1998) Образовен менаџмент, Универзитет "Св. Кирил и Методиј, Скопје
Гравот, П. (1993) Економика на едукацијата, Економика, Париз
Донева, Љ. ( ) Автономни приватни и државни институции, Нова Македонија, Скопје
Камберски, К. (1994) Од буквар до Универзитет, Просветно дело, Скопје
Камчевски, М. (1995) Евалуација на научните истражувања во Р. Македонија,Економски факултет, Скопје
Кралев, Т (1992) Индустриски менаџмент, Просветно дело, Скопје
МАНУ, (1995) Социолошки терминолошки речник, Филозофски факултет, Скопје
Стојков, М ( 1994) Економска мисла, Економски факултет, Скопје
Узунов, Н. (1995) Посебната улогата на економската наука, Економски факултет, Скопје
Чокревски,Т. (1995) Организационо општество, НИО Студентски збор, Скопје
Шуклев, Б . (1993) Менаџмент, Економски факултет, Скопје,